Киро Кипроски

**Решение нема - преговорите продолжуваат**



*Македонците протестираат во Луксембург, 1992 година*

Колегата Поповски испрати уште два текста за расправата за Македонија на министерскиот состанок на која министрите без дискусија ја прифатиле информацијата на претседавачот Пињеиро дека за проблемот засега нема решение и дека преговорите мора да продолжат. Во текстот „Решение нема - преговорите продолжуваат“ („Нова Македонија“, 16 јуни 1992 г) меѓу другото пишува: „Со решение какво што во круговите на Европската заедница последниве денови не (се) очекуваше, европските министри, како и повеќепати досега, во неможност да најдат излез од македонско-грчкиот спор, денеска во Луксембург уште еднаш го одложија признавањето на Македонија. По вчерашните попладневни разговори на претседателот на министерскиот совет Жоао де Пињеиро со министерот за односи со странство Денко Малевски и двете синоќешни рунди преговори со грчкиот премиер Константин Мицотакис, набљудувачите овде очекуваа дека македонското прашање денеска конечно ќе биде симнато од дневниот ред на заедницата. Но тоа, како по обичај, не се случи. Спротивно на досегашниот обичај и на вчерашните изјави, расправата за Македонија не се одржа во терминот за таканаречената политичка кооперација за време на ручекот, туку министрите својот денешен состанок, поради обврските на Мицотакис во Грција, го почнаа токму со информацијата на португалскиот претседавач за ќор-сокакот во кој е навлезено признавањето на Македонија. Според брифинзите на претставниците на повеќето делегации и според ова што Пињеиро го кажа на пладневната конференција за печатот посветена на Македонија, министрите само ја ислушале информацијата и го овластиле да ги продолжи и натаму преговорите сè додека не се најде решение. Одговарајќи на

прашањето на англиските известувачи зашто ЕЗ не успеа уште еднаш да ѝ го даде на Македонија ветеното признавање, Пињеиро рече: „Го известив советот дека консултациите што ги имав последниве денови не ја отворија вратата и затоа имам намера да продолжам со контактите. Во министерскиот совет немаше дискусија по моето излагање. Верувам дека моите колеги ми веруваат дека е потребно уште некое време за да се испитаат некои идеи што се појавија последниве денови“.

**Одлуката оставена за Лисабон**

Во текстот „Одлуката оставена за Лисабон“ („Нова Македонија“, 17 јуни 1992 г.), колегата Љупчо Поповски информира за причините за одложувањето на донесувањето одлука за признавање на Република Македонија. „Поради скриените надежи, навестените позитивни сигнали од повеќе европски престолнини, очајничките грчки обиди уште еднаш да биде запрена одлуката на Европската заедница за Македонија, се чинеше дека на вчерашниот состанок на европските министри конечно ќе биде признаена независноста на нашата Република. Одлуката на министерскиот совет на ЕЗ уште еднаш да го одложи признавањето на Македонија, по кратка расправа на самиот почеток на вчерашниот состанок, и покрај тоа што во нашата јавност го зацврсти разочарувањето во моралниот кредибилитет на заедницата, барем што се однесува до настаните што се случуваа последниве денови, има некоја своја логика.

Изјавите на повеќе министри и претставници за печатот на нивните министерства, како и извештаите во важните европски весници, зборуваат дека македонско-грчкиот спор е во фазата на конечно надминување, со многу сигнали дека решение за него мошне веројатно ќе се најде на самитот на ЕЗ што ќе се одржи на 26 и 27 јуни во Лисабон. Тоа не е само поради изјавата на портпаролот на грчкото министерство за надворешни работи Аврамополос, кој вчера на новинарите сигурно им тврдеше ’одлуката ќе биде донесена на самитот’, туку и поради најавите на португалското претседателство дека во наредните денови политичките директори на министерствата ќе одржат состаноци на кои ќе се подготвува лисабонскиот самит и ќе се бара решение за македонското прашање, како и ставот на Пињеиро веднаш да продолжат консултациите меѓу двете страни.
Британскиот министер за надворешни работи Даглас Херд ги потврди зголемените напори да се даде одговор за македонското прашање (во голема мера поради цврстата желба на Лондон да не го преземе од 1 јули своето претседателствување и со овој проблем на вратот) велејќи: ’Постои голема активност околу Македонија, но сѐ уште не би можел да кажам кога ќе донесат прогрес овие обиди’“.

**Министрите на ЕЗ уште еднаш паднаа на испит**

Во нашиот весник на 17 јуни 1992 година беше објавен текстот на Фанија Клајн, од Бон, „Министрите на ЕЗ уште еднаш паднаа на испитот“, која прави осврт на коментарите на медиумите за неуспешниот министерски состанок во Луксембург, кога признавањето на Македонија беше одложено.

„Приватната ТВ-станица САТ 1, која е мошне гледана, во главните вечерни вести

соопшти дека главна тема на средбата на министрите во Луксембург било признавањето на Македонија, но дека грчкиот министер Мицотакис успеал уште еднаш да се наметне со својот став за ’промена на името’ и дека германскиот министер за надворешни работи Кинкел не зазел никаков став околу ова прашање.

И германскиот дневен печат денеска се осврнува на македонското (не)признавање. Во информацијата на ’Ди велт’, покрај другото, се вели дека напорите на португалскиот министер за решавање на спорот околу признавањето на Македонија повторно паднаа во вода. Грчкиот премиер и министер за надворешни работи, се вели, повторно се заложил за непризнавање на Македонија и за нејзина промена на името.

Во извештајот на ’Браунсчевентер цајтунт’ се вели дека на вчерашниот состанок во Луксембург министрите во Европската заедница уште еднаш паднаа на испит – Тие не успеаја да го отфрлат ветото на Грција за признавањето на Македонија, па затоа идната недела во Лисабон ќе се дискутира уште еднаш на оваа тема. Македонија, пишува весникот, ги исполнува сите услови што ги постави Европската заедница за нејзиното признавање. Грција, меѓутоа, е апсолутно против името, затоа што, според неа, со тоа име Македонија би имала територијални претензии во северна Грција, која го носи истото име.

Поширок извештај околу (не)признавањето на Македонија имаше во ’Франкфуртер алгемајне’, во кој, покрај другото, се вели дека во Луксембург, во кој заседаваа дваесетмина, околу 1.500 демонстранти протестираа и бараа признавање на Република Македонија, а грчкиот премиер Мицотакис ги замолил партнерите за повторно одложување. Тој нагласи дека раководството во Атина уште еднаш ќе дискутира на оваа тема и дека ќе се потруди да најде компромис за името Македонија. Мнозинството министри, иако веќе неколку месеци беспомошно се борат со овој спор, сепак го прифатија неговото барање. Во извештајот се вели дека министерот за надворешни работи на Германија, Кинкел, напразно се обидел да го наговори Мицотакис за ’една нова идеја’ во решавањето на овој конфликт. Грчкиот министер, меѓутоа, предложил оваа тема да се одложи за состанокот во Лисабон, на кој Грција ќе истапи со ’конкретни предлози’. На сето ова мнозинството партнери во Европската заедница стануваат сè поскептични.

*(Продолжува)*



ВЧЕРА ВО ЛУКСЕМБУРГ МАЛЕСКИ РАЗГОВАРАШЕ СО ПИЊЕИРО

# Два предлога за името

● Португалскиот министер предложи едно име за домашна употреба, едно за надворешна (!), на што Малески одговори дека тоа е неприфатливо за Македонија. – И покрај желбата на Заедницата проблемот со Македонија да се реши веднаш, неизвесноста може да продолжи и до самитот во Лисабон

ЉУПЧО ПОПОВСКИ
(Наш специјален известувач)

Луксембург, 14 јуни

Европската заедница утре ќе се обиде конечно да ја најде формулата околу признавањето на Македонија со која би ги почитувала легитимните барања и желби на граѓаните на нашата Република, а од друга страна да не ја стави Грција повторно во ситуација да поднесе вето, кое решавањето на проблемот би го одложило на непредвидливо време. Конфузија, нерешителност, па дури и немоќ Европејците покажаа и денес, преку средбата на претседавачот на Министерскиот совет Жоао де Пињеиро со министерот за односи со странство Денко Малески.

Двајцата министри денес доцна попладне разговараа еден час и 20 минути во хотелот „Интерконтинентал" за начините на кои би можел да се разреши грчко – македонскиот спор со евентуален компромис во кој сега толку многу се заплетка Заедницата. Како што дознавме, португалскиот министер за надворешни работи на министерот Малески му го изнел цврстиот став на Заедницата дека таа сака да го реши не- [illegible] тврдиот грчки став да не се отстапува за името тие сè уште не знаат како да го направат тоа. Во разговорот Пињеиро изнел две варијанти под кои е можно признавањето на Македонија на утрешниот состанок. Според првата варијанта би се донесла одлука за употреба на две имиња за Републиката – едно за внатрешно користење (во него би можело да стои и името Македонија), а друго за надворешна коресподенција, особено во рамките на ЕЗ, а кое Пињеиро го окарактеризирал како „некое друго име". Втората варијанта на претседавачот на Министерскиот совет претпоставува ЕЗ утре да ја признае Македонија со формулацијата „се признава поранешната југословенска република Македонија".

Според она што ни го изјави министерот Малески по завршувањето на разговорите, на Пињеиро му било одговорено дека било каква одлука од овие две варијанти е неприфатлива за Македонија; дека нејзиното име не може да биде испуштено од називот на државата; дека проблемите што би можеле да произлезат од едно вакво конфузно решение ќе создадат големи тешкотии во меѓународното комуницирање и дека, конечно, било кое признавање на Републиката, освен под [illegible] грешно. „Впрочем, моето присуство во Луксембург е токму поради таа работа-уште еднаш на европските министри да им кажеме дека волјата на граѓаните на Македонија мора да се почитува", ни изјави Малески. Тој напомна дека на Пињеиро му укажал оти новото одложување на признавањето на Македонија носи сериозни опасности за безбедноста и економскиот развој на Републиката и токму поради тоа, и поради почитување на сите европски документи во кои се вели дека волјата на народот мора да се почитува, ЕЗ треба да ја признае Македонија под нејзиното име.

Впечаток е дека без оглед на тоа што кај Заедницата постои сериозна желба проблемот на Македонија да се реши пред самитот што кон крајот на месецов се одржува во Лисабон, решението како сè уште да не може да се најде. Пињеиро вели дека овие две варијанти ќе им бидат предочени на министрите за расправа (секако заедно со писмото на претседателот Глигоров кое тој го упати до европските дванесетмина) за време на таканаречената политичка кооперација, која обично се води во текот на ручекот. Ставот на Македонија (а тоа Малески денес [illegible]